Врз основа на член 5 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен Весник на Република Македонија", број 51/2011, 148/2013, 41/2014 и 130/2014), Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, на седницата одржана на ден 01.12.2014 година, донесе

# ДЕЛОВНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

**Член 1**

Во Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, број 0101-827 од 12.05.2014 година, во членот 10 после ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

"(2) Претседателот на Државната комисија може од редот на членовите, а по извршена консултација со истите и нивните афинитети, да определи кој од членовите ќе покрива определена област од надлежноста на Државната комисија во фазата на постапката пред донесувањето на изготвените нацрт – акти од страна на државните службеници од стручната служба и кои даваат согласност соодветните предмети да се стават на дневен ред за одлучување на седницата на Државната комисија."

**Член 2**

Членот 12 се менува и гласи:

"(1) Примените поднесени правни средства (жалби, приговори и други вонредни правни средства пропишани со закон) се заведуваат во деловодната евиденција и по нив се формираат предмети.

(2) Предметот којшто е оформен за работа, во зависност од областа на надлежноста на Државната комисија, го задолжуваат двајца државни службеника овластени за контрола на содржината на нацрт – решенијата и другите акти кои согласно закон можат да произлезат во фазата на решавањето на предметот (во натамошниот текст: Овластени државни службеници).

(3) Овластените државни службеници од ставот (2) на овој член го задолжуваат предметот по хронолошки редослед на приемот и датумот на воведување во деловодната евиденција и го асигнираат на државен службеник од стручната служба на Државната комисија кој е распореден или му е дадено дополнително овластување да постапува по предмети од определена област од надлежноста на Државната комисија за обработка и изработка на нацрт – решение или друг акт.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, предметот може да биде задолжен од страна на овластените државни службеника и асигниран за постапување и надвор од хронолошкиот редослед, во следните случаи:

- кога за конкретен предмет Државниот управен инспектор, согласно неговите законски надлежности, доставил писмен допис (известување, ургенција или слично) со кој ја известува Државната комисија дека е изминат законскиот рок за постапување по предметот и бара да се постапи по истиот, или со решение утврдува задолжение за постапување во определен рок,

- кога за конкретен предмет Народниот правобранител, согласно неговите законски надлежности, доставил писмен допис (известување, ургенција или слично) со кој ја известува Државната комисија дека е изминат законскиот рок за постапување по предметот и бара да се постапи по истиот и

- кога за конкретен предмет е доставена писмена ургенција за поекспедитивно постапување по предметот од првостепениот орган, странката или заинтересирано правно, односно физичко лице, со образлагање на причините зошто го бара тоа. Во овој случај, оправданоста за постапување по одреден предмет надвор од хронолошкиот редослед ја цени претседателот на Државната комисија, по претходно произнесување од страна на овластен државен службеник (писмена белешка на самата ургенција со неколку детали за предметот: број и датум на предметот, по кој пат се одлучува по

истиот, краток опис на состојбата на странката и сл.) Претседателот на Државната комисија со свој потпис на ургенцијата одобрува или не одобрува да се задолжи предметот за постапување.

(5) Овластените државни службеници имаат право и обврска за начинот на решавањето на предметот да се консултираат и советуваат со членот на Државната комисија кој ја покрива определената област на која се однесува предметот.

(6) По завршените консултации и утврдувањето на содржината и начинот на решавање на секој поединечен предмет, членовите на Државната комисија даваат согласност контролираните предмети од страна на овластените државни службеници да се стават на дневен ред на седница за одлучување по истите.

(7) Овластените државни службеници со свој потпис на нацрт – актот (решение, заклучок или друг акт) потврдуваат дека се согласуваат со содржината на нацрт – актот и со начинот на решавањето на предметот.

**Член 3**

Во членот 16 став (3) алинејата 3 се менува и гласи:

" – овластените државни службеници задолжени за контрола на содржината на нацрт – актите за определена област."

**Член 4**

Во членот 18 ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Записникот од седницата на Државната комисија особено содржи:

- Евиденционен број од архивската евиденција и датум на кој се одржала седницата;
- Број на седницата за тековната година;
- Часот кога почнала седницата;
- Присутни членови, отсутни членови и определување дали има кворум за одлучување;
- Претседавачот кој ја води седницата и неговата функција;
- Предложен дневен ред на седницата;
- Констатација дека предложениот дневен ред е усвоен, а доколку има дополнување на дневниот ред по предлог на членовите на Државната комисија, констатација дека дневниот ред се проширува или не се проширува со предложените точки;
- Имињата и презимињата на членовите на Државната комисија кои се определени да покриваат определена област од надлежноста на Државната комисија, а кои се согласни со содржината и начинот на решавањето на предметите кои по утврдениот ред треба да бидат реферирани на седницата,
- Името и презимето на државниот службеник кој реферира предмет за одлучување;
- Архивски број и датум на предметот кој се реферира, име и презиме на подносителот на жалбата доколку е физичко лице или назив на правно лице, со наведување на местото на живеење, односно седиште, како и начинот на кој е одлучено и
- Одлуки кои се донесени по други прашања од тековното работење на Државната комисија.„

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"По завршувањето на седницата на Државната комисија и исцрпувањето на дневниот ред, претседавачот кој раководи со седницата на Државната комисија објавува дека седницата е завршена. Записникот, со пропишаната содржина во ставот (2) од овој член, се изготвува најдоцна до денот на одржувањето на следната седница на Државната комисија. Изготвениот записник се става на дневен ред на следната седница на усвојување. Доколку на записникот од претходната седница нема забелешки, истиот се усвојува, а на записникот ставаат потпис сите присутни членови покрај името и презимето, како и државниот службеник кој го изготвил записникот. Доколку членовите на Државната комисија имаат определени забелешки на содржината на записникот од претходната седница, а со истите се согласуваат мнозинството од членовите, врз основа на дадените забелешки се врши измена или дополнување, по што записникот се усвојува, а се потпишува од членовите на Државната комисија откако забелешките ќе бидат внесени во текстот на записникот"

Поранешниот став (3) станува став (4).

**Член 5**

Во членот 20, ставот (2) се менува и гласи:

" (2) Записникот за советувањето и одлучувањето содржи: меморандум на Државната комисија, евиденционен број на предметот од архивската евиденција, датум на седницата на која се одлучува, податоци за подносителот на жалбата (име и презиме и место на живеење за физичко лице, односно назив и седиште на правно лице), назначување на органот кој одлучувал во прв степен, датумот кога е поднесена жалбата, што е предмет на постапување во побиваниот акт, број и датум кога бил донесен побиваниот акт, кратка содржина на утврдената фактичка состојба, начинот на кој е решено по предметот (со заокружување на начинот на одлучување, последователно наведен во записникот во можните варијанти на одлучување), имиња на членовите на Државната комисија што учествувале во советувањето и одлучувањето, име, презиме и потпис на членовите што гласале за или против предложениот начин на решавање на предметот, име, презиме и потпис на државниот службеник кој го реферирал предметот и го изработил предлог – решението (или друг акт), како и име, презиме и потпис на овластените државни службеници коишто ја контролирале содржината на предлог – решението или на друг акт. Кон овој записник се приложуваат и писмено образложените издвоени мислења, доколку се дадени."

**Член 6**

Во членот 21, во алинејата 7 се брише зборот "и".

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8 која гласи:

"- назнака „изготвил" со иницијали и потпис на државниот службеник кој го изготвил решението, како и потписи на два овластени државни службеника кои ја контролирале содржината на решението и"

Досегашната алинеја 8 станува алинеја 9.

**Член 7**

Овој деловник влегува во сила со денот на неговото донесување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Ирена Брзанова

Број 0101 - 2027
..1....12...2014 година
С К О П Ј Е